**МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНУВАЊА**

**МОНЕТАРЕН СЕКТОР**

## 1. Применет методолошки концепт

Изготвувањето и прикажувањето на податоците од монетарната статистика и статистиката на каматни стапки се заснова врз меѓународните препораки и стандарди, од кои позначајни се:

- Прирачникот за монетарна и финансиска статистика изготвен од страна на Меѓународниот монетарен фонд (Monetary and Financial Statistics Manual, IMF, 2000);
- Упатството за изготвување на монетарната и финансиската статистика изготвено од страна на Меѓународниот монетарен фонд (Monetary and Financial Statistics Compilation Guide, IMF, 2008);
- Системот на национални сметки изготвен од страна на ООН (System of National Accounts - СНА 93).
- Регулативата на Европската централна банка за статистика на каматните стапки.[1]

## 2. Извештајни единици

За потребите за изготвување на податоците од монетарната статистика и статистиката на каматни стапки, сите депозитни институции коишто се резиденти на Република Македонија претставуваат извештајни единици. Тоа се Народната банка на Република Македонија (НБРМ), банките и штедилниците.

## 3. Законска рамка, начини на известување и извори на податоци

Извештајните единици, за потребите на монетарната статистика и статистиката на каматни стапки, доставуваат податоци и извештаи до НБРМ согласно со член 35, 36 и 37 од Законот за НБРМ („Службен весник на РМ" бр. 158/2010) и член 101 од Законот за банките („Службен весник на РМ" бр. 67/07, 90/09 и 67/10).

Податоците и извештаите од извештајните единици се добиваат на месечна основа, по електронски пат, преку соодветни електронски апликации.

Извори на податоци за монетарната статистика и статистиката на каматни стапки се:

- податоците за сметководствената состојба на средствата и обврските на депозитните институции (КЊБИФО);

- извештаите за пондерираните каматни стапки на примените депозити и дадените кредити од банките (КС-1) и

- извештајот за активните и пасивните каматни стапки на Народната банка на Република Македонија.

---

[1] - ECB/2001/18 *(Regulation (EC) No 63/2002 of the ECB of 20 December 2001 concerning statistics on interest rates applied by monetary financial institutions to deposits and loans vis-à-vis households and non-financial corporations),*
*- ECB/2004/21 (Regulation (EC) No 2181/2004 of the ECB of 16 December 2004 amending Regulation (EC) No 2423/2001 (ECB/2001/13) concerning the consolidated balance sheet of the monetary financial institutions sector and Regulation (EC) No 63/2002 (ECB/2001/18) concerning statistics on interest rates applied by monetary financial institutions to deposits and loans vis-à-vis households and non-financial corporations (ECB/2004/21)), ECB/2009/7 (Regulation (EC) No 290/2009 of the ECB of 31 March 2009 amending Regulation (EC) No 63/2002 (ECB/2001/18) concerning statistics on interest rates applied by monetary financial institutions to deposits and loans vis-à-vis households and non-financial corporations (ECB/2009/7)), ECB/2010/7 (Regulation (EU) No 674/2010 of the ECB of 23 July 2010 amending Regulation (EC) No 63/2002 (ECB/2001/18) concerning statistics on interest rates applied by monetary financial institutions to deposits and loans vis-à-vis households and non-financial corporations (ECB/2010/7)), и*
*- Прирачникот за статистиката на каматните стапки на монетарно-финансиските институции (MANUAL ON MFI INTEREST RATE STATISTICS REGULATION ECB/2001/18, October 2003).*

## 4. Политика на објавување и ревизија на податоците

### 4.1. Политика на објавување на податоците

Монетарните биланси и прегледи и податоците за каматни стапки на депозитните институции се објавуваат на интернет-страницата на НБРМ на редовна месечна основа, согласно со утврдените рокови дадени во календарот на објавување на податоците (расположлив на интернет-страницата на НБРМ - http:www.nbrm.mk). Исто така, монетарните биланси и прегледи и податоците за каматните стапки на депозитните институции им се на располагање на корисниците и во кварталната публикација на НБРМ „Кварталниот извештај на НБРМ - Статистички прилог", којашто исто така е достапна на интернет-страницата на НБРМ.

### 4.2. Политика на ревизија на податоците

Ревизијата на објавените податоци се врши во случај на:

- добивање нови, коригирани информации и податоци од извештајните единици; или
- методолошки измени во процедурата на изготвување на билансите и прегледите и статистиката на каматни стапки.

Согласно со меѓународните препораки, ревидираните податоци се означуваат со фуснота со која се дава соодветно објаснување за извршените измени. Ревизија на податоците во историската временска серија се врши почнувајќи од моментот на појавување на настанот што довел до измена на податоците.

Доколку настане измена во прикажувањето на податоците (објавување нов показател - сектор, инструмент и друго), историската временска серија се ревидира почнувајќи од моментот на воведување на новиот показател, доколку за тоа постојат соодветни услови.

## 5. Општи методолошки објаснувања за монетарниот сектор

Податоците во агрегираниот биланс на останатите депозитни институции (банки и штедилници) и билансот на Народната банка на Република Македонија (НБРМ) се поделени согласно со секторскиот и валутниот критериум, како и со финансискиот инструмент врз основа на кој настануваат определени побарувања и обврски. Податоците во прикажаните биланси се однесуваат на крајните салда на крајот на референтниот период. Износите коишто се изразени во странска валута се конвертираат според средниот девизен курс на денарот на крајот на референтниот период, согласно со индикативната курсна листа на НБРМ.

Во секторската класификација, дефинирана во Прирачникот за монетарна и финансиска статистика на ММФ (во согласност со секторизацијата дадена во СНА93 и ЕСА95), комитентите се распоредуваат во две основни групи: резиденти и нерезиденти.

Резидентите понатаму се класифицираат во следниве основни сектори и потсектори:

- Финансиски институции:
  - Централна банка (НБРМ);
  - Останати депозитни институции (банки и штедилници);
  - Останати финансиски институции (други финансиски посредници освен осигурителни друштва и пензиски фондови, помошни финансиски институции, осигурителни друштва и пензиски фондови);
- Нефинансиски институции:
  - Јавни нефинансиски институции;
  - Останати нефинансиски институции;
- Држава:
  - Централна влада;
  - Локална самоуправа;
  - Фондови за социјално осигурување;
- Домаќинства:

- Физички лица;
- Самостојни вршители на дејност со личен труд;
- Непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

За потребите на монетарните биланси, секторот на домаќинствата и секторот на непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата се прикажани заедно како сектор на останати резиденти.

Народната банка на Република Македонија и останатите депозитни институции (банките и штедилниците) ги сочинуваат депозитните институции на Република Македонија.

Средствата и обврските на депозитните институции се класифицирани во следниве агрегирани категории: монетарно злато и специјални права на влечење (СПВ), валути и депозити (вклучувајќи ги трансферабилните депозити и останатите депозити), хартии од вредност различни од акции, кредити, акции и други сопственички хартии од вредност, останати побарувања и обврски (вклучувајќи ги и трговските кредити и други сметки).

**Табела бр.7 Биланс на Народната банка на Република Македонија**

Билансот на НБРМ се изготвува врз основа на сметководствената евиденција на сите средства и обврски на НБРМ кон останатите сектори во економијата, вклучувајќи го и секторот „нерезиденти". Билансот на НБРМ се објавува на крајот на месецот и содржи податоци за претходниот месец.

**А. Средствата на билансот на НБРМ** ги вклучуваат следниве категории: девизни средства, побарувања од централната влада и други средства.

**Девизните средства на НБРМ** се состојат од: средства на девизните резерви и останати девизни средства. Во девизните резерви се опфаќаат: монетарното злато, девизите во форма на ефективни странски пари, трансферабилни и останатите депозити на НБРМ во странски банки, пласманите во хартии од вредност емитирани од нерезиденти (во странска валута), пласманите во девизи кај меѓународни финансиски институции и држењето специјални права на влечење (СПВ). Останатите девизни средства ги опфаќаат останатите девизи, чековите, трансферабилните и останатите депозити во странска валута, хартиите од вредност и акциите во странска валута и останатите побарувања од нерезиденти во денари и во странска валута коишто не се дел од девизните резерви.

**Побарувањата на НБРМ од централната влада** се однесуваат на односите со ММФ (алокација на СПВ и побарувања врз основа на репласирани кредити на ММФ), како и побарувања врз основа на пласмани во хартии од вредност. Пласманите во хартии од вредност претставуваат специфична категорија. Имено, емисијата на овие хартии од вредност претставува еден од механизмите во процесот на санирање на банките, преку кој се изврши преземање на лошите пласмани во портфолиото на една банка. Овие хартии од вредност се во сопственост на Агенцијата за санација на банки. Нивното амортизирање се одвива во согласност со склучениот договор помеѓу централната влада и централната банка.

**Останатите средства на НБРМ** вклучуваат: побарувања на НБРМ од други сектори врз основа на своето тековно работење, основни средства, средства за посебни намени и според посебни прописи, залихи, приливи врз основа на камати, сомнителни и спорни побарувања врз основа на камата и надоместци.

**Б. Обврските на билансот на НБРМ** опфаќаат: монетарна база, готови пари кај останатите депозитни институции, останати обврски на НБРМ кон останатите депозитни институции, ограничени депозити, девизни обврски, депозити на централната влада и останати обврски на НБРМ.

**Монетарната база** ги вклучува: готовите пари во оптек, готовината во благајната, сметките на банките и штедилниците кај НБРМ, сметките на останатите финансиски институции кај НБРМ (главно на фондот за осигурување на депозити). Готовите пари во оптек претставуваат обврска на НБРМ и се однесуваат на готовите пари во оптек коишто ги држат небанкарските субјекти. Сметките на банките кај НБРМ се однесуваат на сметките на банките кај НБРМ (вклучително и на штедилниците), во чии рамки влегува и депонираната задолжителна резерва во денари на останатите финансиски институции кај НБРМ и издвоената задолжителна резерва на банките во странска валута. Задолжителната резерва се пресметува по утврдени стапки на задолжителна резерва коишто се применуваат на просечната месечна состојба на соодветните депозити. Притоа, во примена е просечен систем на одржување задолжителна резерва, според кој банките имаат можност да ги користат средствата на задолжителната резерва за одржување на дневната ликвидност најмногу до 80% од обврската. Податоците за готовите пари во оптек се преземаат од Дирекцијата за трезорско работење при НБРМ, додека податоците за дневната ликвидност на банките и штедилниците се засноваат на нивните дневни извештаи доставени до НБРМ.

**Готовите пари кај останатите депозитни институции** се однесуваат на готовината во благајната на банките и штедилниците.

**Останатите обврски на НБРМ кон останатите депозитни институции главно ги опфаќаат обврските на НБРМ врз основа на издадени благајнички записи.** Аукциите на благајнички записи претставуваат основен инструмент на монетарната политика на НБРМ којшто се користи за регулирање на глобалното ниво на ликвидност и каматните стапки во банкарскиот систем, како и за сигнализирање на насоките на монетарната политика. За првпат се воведени во февруари 1994 година и по дефиниција се наменети за повлекување ликвидност од банкарскиот систем. Интервенциите со овој инструмент, чијашто рочност изнесува 28 дена, се вршат преку спроведување аукции коишто можат да бидат организирани како „тендер со износи" или „тендер со каматни стапки" (американски тип). Аукциите на благајнички записи се поставени на пазарна и флексибилна основа, што овозможува нивно постојано менување, со цел да се зголеми нивната ефикасност и успешно да се остварат поставените цели.

**Депозитите на централната влада** ги опфаќаат депозитните пари на централната влада во денари (трезорска сметка на централната влада и други буџетски фондови) и во странска валута (депозити за посебни намени на централно ниво на централната влада и други депозити). Во рамки на денарските депозити на централната влада, почнувајќи од март 2006 година, се вклучени и паричните фондови мобилизирани преку емисија на **државни записи за монетарни цели**, коишто се депонираат на посебна сметка. Имено, на 07.03.2006 година, НБРМ во соработка со Министерството за финансии започна со емисија на државни записи за монетарни цели со рок на достасување од три месеци. Државните записи за монетарни цели се издаваат на редовните аукции на државни хартии од вредност и ги имаат истите карактеристики како редовните државни хартии од вредност. Според Законот за јавен долг, државните записи за монетарни цели не се дел од јавниот долг, бидејќи се издаваат за потребите на монетарната политика. Воедно, централната влада нема право на располагање со повлечените средства преку издавање државни записи за монетарни цели. Каматната стапка на државните записи за монетарни цели ја плаќа НБРМ, според просечната каматна стапка постигната на аукциите на тримесечни државни записи. За регулирање на меѓусебните односи, Министерството за финансии и НБРМ склучија Договор за државни записи за монетарни цели.

**Девизните обврски** кон странство ги опфаќаат обврските на НБРМ кон нерезидентите врз основа на чекови и кредитни писма во девизи, како и обврските врз основа на искористени кредити од Меѓународниот монетарен фонд. Во оваа категорија е опфатена и алокацијата на специјалните права на влечење (СПВ).

**Останатите обврски на НБРМ** ги опфаќаат: капиталните сметки коишто ги опфаќаат сопствените средства на НБРМ, задржаната добивка, добивката од тековната година, општата и специфична исправка на вредноста на посебната резерва, вредносните прилагодувања и алокација на СПВ. Во оваа категорија се опфатени и некласифицираните обврски на НБРМ коишто произлегуваат од најразлични деловни односи со резидентниот сектор.

Останатите обврски на НБРМ ги опфаќаат: капиталните сметки коишто ги опфаќаат сопствените средства на НБРМ, задржаната добивка, добивката од тековната година, општата и специфична исправка на вредноста на посебната резерва и вредносните прилагодувања. Во оваа категорија се и некласифицираните обврски на НБРМ коишто произлегуваат од најразлични деловни односи со резидентниот сектор.

**Табела бр.8 Биланс на останатите депозитни институции - банки и штедилници**

Билансот на останатите депозитни институции се изготвува врз основа на доставената сметководствена евиденција од страна на банките и штедилниците (КНБИФО) и претставуваат агрегирани биланси на средствата и обврските на сите останати депозитни институции. Месечниот биланс на останатите депозитни институции се објавува на крајот на месецот и содржи податоци за претходниот месец. Билансот содржи податоци за побарувањата и обврските (носители на монетарните агрегати, согласно со националната дефиниција) на останатите депозитни институции (со исклучок на НБРМ) кон останатите сектори во економијата, вклучувајќи го и секторот „нерезиденти". Податоците се класифицирани во стандардизирани компоненти според сектори, финансиски инструменти и сметководствени принципи.

**А. Средствата во билансот на останатите депозитни институции** вклучуваат: валути и депозити, хартии од вредност различни од акции, кредити, акции и други сопственички хартии од вредност, финансиски деривати, останати побарувања, нефинансиски средства.

**Валутите и депозитите** се поделени согласно со валутната структура во денари и странска валута. Валутите ги опфаќаат банкнотите и кованите пари во благајните на останатите депозитни институции коишто се издадени од централната банка и девизите коишто се издадени од централните банки на странски држави. Депозитите ги сочинуваат трансферабилните депозити коишто ги вклучуваат тековните сметки на останатите депозитни институции кај НБРМ (што ја вклучуваат и нивната задолжителна резерва во денари депонирана кај НБРМ) и сметките на банките во странство. Во групата на депозитите се вклучени и депозитите по видување, штедните и други депозити (коишто го вклучуваат и задолжителниот депозит на банките во НБРМ).

**Хартиите од вредност различни од акции** се класифицирани според валутната структура и секторот и ги опфаќаат благајничките записи, трезорските записи, државните обврзници, компаниските обврзници, комерцијалните хартии од вредност, преносливите депозитни сертификати и сл.

**Кредитите** се однесуваат на средствата коишто се дадени на различни сектори од страна на останатите депозитни институции. Податоците за кредитите ја вклучуваат пресметаната камата, додека очекуваните загуби, резервациите за кредити и исправките на вредност се исклучени од оваа категорија. Кредитите се класифицирани во денарски и девизни, според валутната распределба.

**Акциите и другите сопственички хартии од вредност** ги опфаќаат финансиските инструменти коишто на имателот му даваат право на сопственост на друштвото коешто ги издало.

**Останатите побарувања** ги вклучуваат трговските кредити и аванси коишто се однесуваат на финансиските услуги што останатите депозитни институции ги даваат на други финансиски и нефинансиски институции. Оваа категорија ги содржи и сите останати ставки коишто не се опфатени во другите категории на финансиски инструменти, а се однесуваат на дивидендите, побарувањата во пресметка, ставките во процес на наплата и сл.

**Нефинансиските средства** ги вклучуваат материјалните средства (фиксни средства, залихи и сл.) и нематеријалните средства за кои нема евидентирани соодветни обврски (патенти, лиценци, софтвер и сл.).

**Б. Обврските на останатите депозитни институции** ги вклучуваат обврските што настануваат врз основа на: примени депозити, добиени кредити, емитирани хартии од вредност, останати обврски и акции и други сопственички хартии од вредност.

**Депозитите** се поделени на депозити вклучени и исклучени од парична маса, а понатаму се класифицирани во депозити во денари и странска валута.

**Депозититите вклучени во паричната маса** ги опфаќаат трансферабилните депозити и останатите депозити на домашните депозитни институции коишто се вклучени во националната дефиниција на паричната маса. Оваа категорија ги вклучува депозитите на останатите финансиски институции, нефинансиски институции, домаќинства, непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата и локалната самоуправа.

**Депозитите исклучени од парична маса** ги опфаќаат трансферибилните и останатите депозити на централната влада, депозитните институции и нерезидентите.

**Хартиите од вредност** се однесуваат на комерцијалните хартии од вредност емитирани од страна на останатите депозитни институции коишто се во функција на зајакнување на вкупниот финансиски потенцијал.

**Кредитите** се однесуваат на средствата коишто останатите депозитни институции ги добиваат од различни институционални сектори.

**Останатите обврски** вклучуваат: трговски кредити (добиени при купување стоки и услуги од домаќинства, непрофитни институции и нефинансиски институции) и аванси примени за тековни работи или работи коишто треба да отпочнат, како и авансни плаќања за стоки и услуги. Во оваа категорија се вклучени и обврските во пресметка, обврски по дивиденди, резервации за загуби за оштетени финансиски средства, акумулирана амортизација и загуби коишто произлегуваат од исправката на вредноста и останати обврски. Останатите обврски ги вклучуваат сите сметки што не се класифицирани на друго место во билансната шема на останатите депозитни институции.

**Акциите и другите сопственички хартии од вредност** се поделени на сопственички вложувања, задржана добивка, финансиски резултат од тековната година, општа и специфична исправка на вредноста и посебна резерва, алокација на специјалните права на влечење (СПВ) и вредносни прилагодувања.

Акциите и другите сопственички хартии од вредност се поделени на сопственички вложувања, задржана добивка, финансиски резултат од тековната година, општа и специфична исправка на вредноста и посебна резерва и вредносни прилагодувања.

**Табела бр.9 Преглед на депозитни институции - НБРМ, останати депозитни институции (ОДИ-банки и штедилници)**

Прегледот на депозитните институции претставува консолидиран преглед на сметките на банките, штедилниците и НБРМ, при што ги покажува комбинираните средства и обврски на монетарниот систем во однос на останатите резидентни и нерезидентни субјекти. Основни извори за изработка на прегледот на депозитни институции се прегледот на НБРМ и прегледот на останатите депозитни институции.

Како консолидиран биланс на монетарниот систем претставува основа за негово постојано следење. Истовремено, прегледот овозможува и анализа на соработката на основните макроекономски сектори: реалниот, фискалниот, надворешниот и монетарниот сектор.

Месечниот преглед на депозитните институции се објавува на крајот на месецот и содржи податоци за претходниот месец.

Главни компоненти на Прегледот на депозитните институции се: нето девизни средства, домашни кредити, парични средства, депозити (ограничени и останати), обврски кон останатите финансиски институции, капитални сметки и останати ставки (нето).

**Нето девизните средства** претставуваат разлика од девизните средства и обврски на НБРМ и останатите депозитни институции (банки и штедилници). Сите девизни средства и обврски на НБРМ и останатите депозитни институции се агрегирани и се прикажани како нето девизни средства на монетарниот систем.

**Домашните кредити** ги опфаќаат побарувањата на депозитните институции (НБРМ, банки и штедилници) од централната влада (прикажани на нето-основа), побарувања од локалната самоуправа, јавните нефинансиски институции, приватниот сектор и останатите финансиски институции (прикажани на бруто основа).

**Побарувања од централната влада** се однесуваат на побарувања врз основа на кредити, хартии од вредност и трговски кредити и аванси. Како извори на кредити одобрени на централната влада се користат: странски кредити, кредитни линии, депозитниот потенцијал и останати извори. Побарувањата од централната влада врз основа на хартии од вредност претставуваат побарувања врз основа на специфични хартии од вредност (издадени од централната влада во процесот на санација на една банка, издадени обврзници за старото девизно штедење).

**Побарувањата од локалната самоуправа** се однесуваат на побарувањата врз основа на дадени кредити во домашна валута.

**Побарувањата од јавните нефинансиски институции** се однесуваат на побарувањата врз основа на дадени кредити во домашна и странска валута на јавните претпријатија.

**Побарувањата од приватниот сектор** ги опфаќаат вкупните пласмани на депозитните институции на приватниот сектор врз основа на дадени кредити, пласмани во хартии од вредност и акции и останати пласмани. Побарувањата од приватниот сектор ги содржат: побарувањата од останатите нефинансиски институции, побарувањата од домаќинства и побарувањата од непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

**Побарувањата од останати финансиски институции** ги опфаќаат вкупните пласмани на депозитните институции врз основа на дадени кредити, пласмани во хартии од вредност и акции.

**Паричните средства** ги опфаќаат готовите пари во оптек (готови пари надвор од останатите депозитни институции), депозитните пари на локалната самоуправа и останатите финансиски институции кај НБРМ и депозитните пари на секторот на држатели на пари кај банките и штедилниците.

**Ограничените депозити** ги вклучуваат депозитите чијашто употреба е ограничена за одредена намена утврдена со пропис. Овие депозити се наменети за покривање отворени акредитиви во надворешниот платен промет, гаранции, банкарски дознаки и др.

**Останатите депозити** ги опфаќаат орочените, штедните и девизните депозити на секторите вклучени во дефиницијата на парична маса, кај НБРМ, банките и штедилниците.

**Обврските кон останатите финансиски институции** ги опфаќаат вкупните обврски на депозитните институции врз основа на депозити, хартии од вредност и примени кредити.

**Капиталните сметките** ги обединуваат капиталните сметки на НБРМ, банките и штедилниците.

**Останатите ставки (нето)** ги прикажуваат сите категории коишто не се опфатени во претходно прикажаните категории, како и сите некласифицирани средства и обврски на депозитните институции.

### Табела бр.10 Кредити на недржавниот сектор дадени од банки и штедилници

Кредитите коишто останатите депозитни институции ги одобруваат на недржавниот сектор се класифицирани од аспект на валутата: кредити во денари и во странска валута. Понатаму се класифицирани во краткорочни и долгорочни кредити, пресметана камата и сомнителни и спорни побарувања. Краткорочните и долгорочни кредити се поделени на кредити со и без валутна клаузула. Кредитите на недржавниот сектор ги опфаќаат кредитите на следниве сектори: нефинансиски институции, домаќинства, непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата, локална самоуправа и останати финансиски институции.

### Табела бр.11 Монетарни агрегати и нивните компоненти (недржавен сектор)

Монетарните агрегати, како збир на финансиски инструменти класифицирани согласно со степенот на нивната ликвидност, се дефинирани во согласност со меѓународно прифатените дефиниции и критериуми (согласно со методологијата за монетарна и финансиска статистика на ММФ)). Депозитите вклучени во монетарните агрегати се однесуваат на следниве сектори: останати финансиски институции, локалната самоуправа, нефинансиски институции (останати и јавни), домаќинства (физички лица и самостојни вршители на дејност со личен труд) и непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата.

**Паричната маса М1** ги опфаќа готовите пари во оптек и депозитните пари. Притоа, депозитните пари се однесуваат на тековните сметки кај банките и штедилниците и тековните сметки на останатите финансиски институции кај НБРМ.
Готовите пари во оптек претставуваат разлика помеѓу вкупниот износ на печатени и ковани пари и износот на готови пари што се наоѓа во благајната на банките, во трезорот на НБРМ и во дисперзираните трезори.

**Паричната маса М2 (ликвидни средства)** ги вклучува монетарниот агрегат М1 и краткорочните депозити. Краткорочните депозитите се дефинирани како депозити во кои се опфатени: депозитите по видување, орочените депозити до една година, во денари и странска валута.

**Парична маса М4 (вкупен депозитен потенцијал на монетарниот систем),** ги вклучува монетарниот агрегат М2 и долгорочните депозити т.е. депозитите орочени над една година, во денари и странска валута.

### Табела бр.12 Вкупни побарувања на останати депозитни институции (ОДИ - банки и штедилници)

Побарувањата на останатите депозитни институции се однесуваат на кредитите, пласманите во хартии од вредност, акциите и достасаните ненаплатени побарувања и сомнителните и спорни побарувања врз основа на кредити. Пласманите на останатите депозитни институции се поделени по сектори, рочности и валути. Согласно со прифатените стандарди од областа на монетарната и финансиската статистика за консолидација, т.е. исклучување на меѓусебните побарувања и обврски во рамките на еден сектор, пласманите ги исклучуваат меѓубанкарските побарувања.

**Побарувањата на банките и штедилниците од нефинансиски институции (јавни и останати)** се однесуваат на побарувањата врз основа на кредити, пресметаната камата врз основа на кредити, достасаните ненаплатени и сомнителни и спорни побарувања по кредити, хартии од вредност и акции. Сите категории се поделени по валута, а кредитите и по рочност.

Останатите депозитни институции одобруваат кредити од различни извори на средства: депозити, сопствени извори, странски кредити, добиени кредитни линии и останати извори. Побарувањата врз основа на хартии од вредност претставуваат побарувања врз основа на краткорочни хартии од вредност (чекови и меници) и побарувања врз основа на долгорочни хартии од вредност, односно учества или вложувања на банките и штедилниците во хартии од вредност на нефинансиски институции. Побарувањата што ја сочинуваат категоријата акции се однесуваат на финансиските инструменти коишто им даваат на останатите депозитни институции право на сопственост врз нефинансиското друштво коешто ги издало.

**Побарувањата на банките и штедилниците од домаќинствата (физички лица и самостојни вршители на дејност со личен труд)** се однесуваат на побарувањата врз основа на кредити, пресметана камата врз основа на кредити, достасани ненаплатени побарувања и сомнителни и спорни побарувања врз основа на кредити. Побарувањата од домаќинствата се поделени по валута, рок и намена. Според намената, кредитите се делат на: потрошувачки кредити, автомобилски кредити, кредити за станбена изградба, рамковни кредити (кредитни картички и негативни салда на тековни сметки), останати кредити и кредити за вршење самостојна дејност (им се одобруваат на физичките лица кои вршат регистрирана дејност).

**Побарувањата на банките и штедилниците од непрофитните институции коишто им служат на домаќинствата, останатите финансиски институции и локалната самоуправа** се однесуваат на побарувањата врз основа на кредити, пресметаната камата врз основа на кредити, достасаните ненаплатени побарувања и сомнителни и спорни побарувања врз основа на кредити, побарувањата врз основа на хартии од вредност и побарувањата врз основа на акции.

**Побарувањата на останатите депозитни институции од централната влада** се однесуваат на побарувањата врз основа на кредити, пресметаната камата врз основа на кредити, достасаните ненаплатени побарувања и сомнителни и спорни побарувања врз основа на кредити, побарувањата врз основа на хартии од вредност и побарувањата врз основа на акции. Како извори на кредити одобрени на централната влада се користат: странските кредити, кредитните линии, депозитниот потенцијал и останати извори.

Побарувањата од централната влада врз основа на хартии од вредност претставуваат побарувања врз основа на специфични хартии од вредност.

**Табела бр.13 Обврски на останатите депозитни институции (ОДИ - банки и штедилници)**

Согласно со доминантната класична депозитно-кредитна активност на **останатите депозитни институции, обврските кон нефинансиските институции** вклучуваат депозити на нефинансиските институции и кредити добиени од нефинансиските институции. Покрај депозитите и кредитите во оваа категорија се вклучени и хартиите од вредност издадени од нефинансиските институции. Депозитите се поделени од аспект на нивната рочна и валутна структура. Кредитите и хартиите од вредност се делат согласно со нивната валутна структура.

**Обврските на останатите депозитни институции кон домаќинствата** ги вклучуваат тековните сметки, депозитите по видување, орочените депозити (до три месеци, над три месеци, до една година и над една година) и ограничените депозити наменети за покривање акредитиви во домашниот платен промет.

**Обврските на депозитните банки кон други комитенти -** непрофитни институции коишто им служат на домаќинствата, кон локалната самоуправа, кон останатите финансиски организации, како и обврските кон централната влада, соодветно. Станува збор за обврски врз основа на различни видови депозити поделени според нивната рочна и валутна структура, како и

обврски врз основа на хартии од вредност и други кредитни обврски изразени во денари и странска валута.

**Табела бр.14 Пондерирани каматни стапки на банките за примени депозити и вкупно дадени кредити**

Врз основа на Извештај за пондерирани каматни стапки на примени депозити и дадени кредити, кои на редовна месечна основа депозитните банки ги доставуваат до НБРМ, се изготвува агрегиран преглед на Пондерирани каматни стапки на примени депозити и дадени кредити во денари и во девизи.

**Каматни стапки на денарски кредити** ги опфаќа: каматни стапки на денарски кредити без валутна клаузула и каматни стап ки на денарски кредити со валутна клаузула.

**Каматни стапки на денарски депозити** ги опфаќа: каматни стапки на денарски депозити без валутна клаузула и каматни стапки на денарски депозити со валутна клаузула.

Кај денарските кредити/депозити понатаму е извршена поделба според два критериума: секторска класификација и рочност. Според секторската класификација, извршена е поделба на: кредити/депозити кои се однесуваат на нефинансиски институции (јавни и останати), кредити/депозити кои се однесуваат на домаќинствата. Според рочноста, поделба е извршена кај кредитите на: краткорочни и долгорочни; и кај депозитите на: депозити по видување, краткорочно и долгорочно орочени депозити.

**Девизните кредити/депозити** се класифицирани според три критериума: по сектор, по валута и по рочност. Според секторската класификација, извршена е поделба на: кредити/депозити кои се однесуваат на нефинансиски институции (јавни и останати), кредити/депозити кои се однесуваат на домаќинствата. Според рочноста, поделба е извршена кај кредитите на: краткорочни и долгорочни; а кај депозитите на: депозити по видување, краткорочно орочени депозити и долгорочно орочени депозити. Според валутната класификација, извршена е поделба на: кредити/депозити одобрени во евра и одобрени во САД долари.

Каматните стапки на кредитите и депозитите искажани се во проценти на годишно ниво.

**Табела бр.15 Каматни стапки на Народна банка на Република Македонија**

1. Есконтна стапка е важечката каматна стапка во тековниот месец.

2. Каматната стапка на расположливиот кредит преку ноќ - ломбарден кредит е важечката каматна стапка во тековниот месец.

3. Каматната стапка на репо трансакции за обезбедување на ликвидност во банкарскиот систем се прикажува како просечна пондерирана каматна стапка остварена на аукциите во тој месец.

4. Каматната стапка на благајнички записи се прикажува како просечна пондерираната каматна стапка остварена на аукциите со рок на достасување од 28 дена во тој месец. Каматната стапка е разграничена од аспект на типот на тендер кој може да биде: тендер со износи или тендер со каматни стапки.

5. Каматната стапка на репо трансакции за повлекување на ликвидност од банкарскиот систем се прикажува како просечна пондерирана каматна стапка остварена на аукциите во тој месец.

**Табела бр.16 Задолжителна резерва на банки и штедилници**

Банките и штедилниците издвојуваат задолжителната резерва врз основа на просечната состојба на депозитите во претходниот месец. Периодот на одржување на задолжителната резерва е од 11-ти во тековниот месец до 10-ти во наредниот месец. Исполнувањето на задолжителната резерва на банките во денари е на просечна основа, додека на задолжителната резерва на штедилниците во денари и задолжителната резерва на банките во девизи е на фиксна основа.

**Табела бр.17 Каматни стапки на државни хартии од вредност**

Каматните стапки на државните хартии од вредност се прикажуваат како просечни пондерирани каматни стапки остварени на аукциите во соодветниот месец со определен рок на достасување.